27092

НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ
10. XII. 1980, 12171, 10,

# Југословенска изложба во Пекинг

Во галеријата на уметностите во Пекинг отворена е изложба на современото југословенско сликарство. Седумдесет и девет слики на 18 уметници од помладата генерација (Анастасов, Бем, Ѓак, Фришчиќ, Гвардијанчич, Хозо, Јањиќ, Јесих, Ловренчиќ, Луловски, Макуц, Мараж Мојовиќ, Додоралиќ, Поповиќ, Сливачки, Станоев, Шишко) се израз на новата форма на реализмот во југословенското сликарство.

Изложбата побуди големо интересирање во пекиншката јавност. На отворењето присуствуваа околу 400 гости, меѓу кои многу сликари и ликовни критичари. Изложбата ја отвори заменикот кинески министер за култура Џоу Ерфу. Југословенскиот амбасадор во Пекинг Мирко Остоиќ нагласи дека изложбата е дел од програмата на културната соработка меѓу двете земји, која е сè побогата. На отворањето присуствуваше и директорот на Современата галерија во Загреб и комесар на оваа изложба, Божо Бек.

По Пекинг, изложбата ќе биде отворена, по 14 дена, во Чинен и Нанкинг.